РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
Бр. 22-1159/5
25.10.2024 год.
РАНКОВЦЕ

Градоначалникот на Општина Ранковце решавајќи по барањето заведено под број 22-1159/1 од 17.10.2024 година (број на постапка 65744) за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п. бр.1600/2 и к.п.бр.1600/3, КО Пклиште, Општина Ранковце, врз основа на член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија "бр. 32/2020, 11/23, 73/24 и 171/24) донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

1. СЕ ОДОБРУВА Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п. бр.1600/2 и к.п.бр.1600/3, КО Пклиште, Општина Ранковце.
2. Составен дел на ова Решение е Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п. бр.1600/2 и к.п.бр.1600/3, КО Пклиште, Општина Ранковце со тех.број 01-08/2024 од октомври 2024 година, изработена од Друштво за производство, градежништво, трговија и услуги „ЕВРО ДЕКОР" ДОО увоз-извоз Кочани, врз основа на Лиценца за изработување на урбанистички планови бр.0016.

О б р а з л о ж е н и е

До Општина Ранковце доставено е барање преку информацискиот систем е-урбанизам, број на постапка 65744, заведено под број 22-1159/1 од 17.10.2024 година, за одобрување на Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п. бр.1600/2 и к.п.бр.1600/3, КО Пклиште, Општина Ранковце со тех.број 01-08/2024 од октомври 2024 година.

Градоначалникот на општина Ранковце врз основа на доставениот Предлог за одобрување на проектната програма бр. 22-1159/4 од 24.10.2024 година од Комисијата за урбанизам формирана со решение бр.08-1128/1 од 09.10.2024 година, извршиувид и ги проучи прилозите кон барањето при што утврди дека кон барањето се доставени:

1. Полномошно број УЗП 3437/2024 од 16.09.2024 година, заверено кај нотар Зорица Пулејкова во Скопје.
2. Проектната програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена А4-3 –Викенд куќи и други објекти за времено сместување на дел од к.п. бр.1600/2 и к.п.бр.1600/3, КО Пклиште, Општина Ранковце;

3. Геодетски елаборат за геодетски работи за посебни намени за ажурирана геодетска подлога со деловоден број 0807/15 од 29.09.2023 година, изработен од ДИПТУ „ГЕО СТОЛЕ“ ДОО Скопје.
4. Известување за електронска заверка на геодетскиот елаборат бр. 1110-44/2023 од 04.10.2023 година.
5. Услови за планирање на просторот за изработка на со тех.број Y12812 од мај 2012 година изработени од Агенција за планирање на просторот.
6. Решение за услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање бр.15-3944/4 од 30.05.2012 година.

Врз основа на горенаведеното се констатира дека се исполнети условите од член 44 став 7 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија “бр. 32/2020, 11/23, 73/24 и 171/24), и врз основа на тоа се одлучи како во диспозитивот на решението.

Правна поука: Против решението на градоначалникот на Општина Ранковце, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

Изработил,
Моме Крстевски

Mome Krstevski
Digitally signed by Mome Krstevski
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=187325, title=Rakovoditel, sn=Krstevski, givenName=Mome, cn=Mome Krstevski
Date: 2024.10.25 10:56:29 +02'00'

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА РАНКОВЦЕ * РАНКОВЦЕ *

BORCHE SPASOVSKI
Digitally signed by BORCHE SPASOVSKI
DN: c=MK, ou=VAT - 4015005104850, 2.5.4.97=NTRMK-6011098, o=Opshtina Rankovce, serialNumber=166537, title=GRADONACALNIK, sn=SPASOVSKI, givenName=BORCHE, cn=BORCHE SPASOVSKI
Date: 2024.10.25 10:57:11 +02'00'